ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 17.09.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски, Секретар на Општина Крива Паланка Љубомир Младенов, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски - Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Одделение за финансиски прашања

Информација во врска со тековните плаќања по фактури, а по однос на направени трошоци за организација на десетото по ред јубилејно издание на Меѓународниот театарски фестивал Свети Јоаким Осоговски.

Информација во врска со исплатата на плата на вработените во средното општинско училиште, основните општински училишта и општинската јавна установа - детска градинка.

Информација околу изработката на нов Правилник за плати на вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со подготовката на ребаланс на буџетот за 2018 година.

Задолжение за подготовка на анализа по однос на добиени вештачења за парични побарувања на вработените во ТППЕ Крива Паланка, со цел за вон судско решавање на потенцијалниот спор.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со тековните активности поврзани со асфалтирање на улиците „8-ми Октомври",„Херој Карпош", како и училишниот двор во ООУ Илинден – Крива Паланка и ОЈУДГ „Детелинска" – Крива Паланка.

Информација за прогресот на проектот за фотоволтаици преку Светска банка.

Задолжение за реконструкција на детски игралишта и поставување на урбана опрема.

Информација за прогресот на проектот за изградба на нов Плоштад.

Информација во врска со активностите поврзани со санација на постоечки свлечишта во с.Дурачка Река и Конопница.

Задолжение за проектирање на алтернативен пат кај свлечиштето во с.Станци, со напомена за тековна работа на инфраструктурен проект и застој при подготовката на истиот поради технички причини.

Задолжение за интервентно санирање на оградата на Шанин Мост, во најкраток можен рок.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со продолжување на рокот за изготвување на општи акти.

Информација за прогресот на проектот за Зелен пазар.

Информација во врска со постапките за легализација на бесправно изградени објекти и исходот од истите.

Информација во врска со одржана работилница со Македонско еколошко друштво на ден 14.09.2018 година.

Информација во врска со прогресот на активностите за поставување на куќни броеви и нивна соодветна нумерација.

Информација во врска со закажан состанок за востановување на ГИС системи и распишување на нов јавен повик за набавка на истите.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со сите тековни активности на неделна основа, кои се од надлежност на одделението за човечки ресурси.

Информација во врска со подготовката и објавувањето на јавен оглас за вработување во ТППЕ Крива Паланка.

Задолжение за спроведување и завршување на процесот за оценување на административните службеници во предвидените рокови, а согласно со превитените законски одредби.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со имплементацијата и проектните активности на проектот „Цело е кога има се“ и ангажманот на соодветни лица во образовните установи за поголема грижа и помош во образовниот процес на децата со посебни потреби и потешкотии при учењето.

Информација во врска со активностите околу подготовката на проектна апликација за реконструкција на Домот во с.Конопница и можностите за негова пренамена во детска градинка.

Информација во врска со постапката за проектирање на реконструкција на детските градинки, со напомена дека поради високите цени за проектирање е поништен самиот повик и е распишан нов повик за јавна набавка со тоа што двата објекти се раздвоени како посебни функционални единици.

Информација во врска со подготовката и организационите активности за одржување на турнир во тенис, предвидено за 22-ри Септември 2018 година на тениското игралиште во Крива Паланка.

Задолжение за отпочнување на подготвителни активности за дизајнирање, подготовка на материјали и печатење на Општински информатор за информирање на граѓаните за тековните и реализирани активности од страна на локалната самоуправа.

Информација за други тековни активности на иво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со подготовката на материјали кои произлегуваат од седницата на Советот одржана на ден 10.09.2018 година и доставата на одлуки и заклучоци до сите институции на кои истите се наменети како такви.

Информација во врска со достава на решенија за даноци на имот, со обврска сите решенија за даноци на имот да бидат доставени до крајот на месец Септември 2018 година.

Информација во врска со тековната достава на акти, со оценка за подобрување на истата.

Информација во врска со подготовката на целокупната документација за објава на оглас за давање на објекти во сопственост на општината под закуп на физички или правни лица, со напомена дека истиот треба да биде објавен истовремено во најмалку два дневни весници на подрачје на РМ и во системот на ЗЕЛС.

Информација во врска со тековни и завршени тендерски постапки и исходот од истите.

Задолжение за подготовка на тендер за печатени материјали и за санација на урбана опрема на детски игралишта, како и тендер за тековно зимско одржување на патна инфраструктура.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со организацијата, чинот на отворање и самиот тек на Меѓународниот театарски фестивал Свети Јоаким Осоговски и целокупната фестивалска активност.

Информација во врска со активностите околу подготовката на Меморандум до Владата на РМ за донесување на одлука за давање во трајна сопственост на Општина Крива Паланка на зградата во која се сместени просториите на Локалната установа Градски Музај Крива Паланка.

Информација во врска со поднесено барање до Министерството за култура на Република Македонија за добивање на блок дотација.

Барање за санација на системот за видео надзор во ЛУ Градски Музеј Крива Паланка, со претходен увид и пресметка од страна на „Бинокулар“, како овластен сервисер.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**17.09.2018 година, Крива Паланка**